# *Феминизмот во меѓународните односи*

**Марија Зеленковска**

**Студент на мастер програмата по Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ**

**Насока: Меѓународно јавно право**

## ВОВЕД

Во текот на историјата, еднаквоста отсекогаш била една од најконтроверзните теми која предизвикувала разни конфликти, бурни реакции и дилеми особено од аспект на половата диференцијација. Оттаму и потребата за развој на феминизмот или со други зборови, верување во еднаков економски, политички и социјален статус за двата пола.

Развојот на феминистичкото движење е видлив уште во 18тиот век. Уште од самата негова појава тој им дава глас на илјадници жени обединети во борбата за иста кауза. Во 1792 година во Лондон, Мери Волстонкрафт ја објавила револуционерната „Заштита на правата на жената“. Овој момент бил поттик за понатамошен развој на феминизмот. По повеќе од педесет години, дури во 1848 год. се појавува првиот феминистички бран во Америка, кога околу 200 жени се сретнале во црква и ги формулирале своите 12 резолуции во рамки на Конвенцијата за женски права од Сенека Фолс. Тие се осврнале на одредени женски права, меѓу кои и правото на глас и репродуктивните права. Долгата мачна и сурова борба на активизам и протести која траела цели 70 години, конечно во Америка вродила со плод. Во 1920 год. Конгресот на Соединетите Американски Држави го усвојува деветнаесеттиот амандман кон Уставот на САД, со кој на жените им се дава право на глас - 30 години по одлуката на Нов Зеланд која е првата земја која го препознала и признала ова право.[1] Приказната за трпеливото извојување победа за инклузијата на жената во политичкиот свет претставува еден од главните пресврти кои предизвикале реални позитивни промени видливи и денес.

Еден лаик претендира да го симплифицира концептот на феминизмот и да го сведе само на фактот дека жените се борат за еднакви права со мажите. Во суштина, разбирањето на феминизмот започнува со разбирање на опфатот на самата теорија, како и на политиката околу неа. Причината поради која е толку сеопфатен и теоретски развиен овој термин е поради неговата меѓународна димензија, особено во поглед на економската зависност,

[1] Niño, V. (2021) *History of Feminism* [online] Medium, достапно на: https://vnino63.medium.com/history-of-feminism-3ab919edad34.

политичкото отсуство, сексуалната работа, трговијата со луѓе, родово-базираното насилство, институционалниот сексизам итн.

Оттаму, овој истражувачки есеј има за цел да ни го доближи феминистичкиот идеал од аспект на водење на светската политика. Клучно во оваа борба е дестигматизација на жената набљудувана како жртва и слаба индивидуа немоќна да носи сериозни политички одлуки. Најголем причинител за разгорувањето на незадоволството во родовата перцепција е токму постоењето на родово-базираното насилство. Преку негово спречување како и со деконструкцијата на социјалните стереотипи за родовите улоги во општеството постепено ќе се смени и пристапот кон жената. Само на тој начин ќе се остави простор постепено да се развијат механизмите за нејзина заштита на меѓународно ниво.

**БОРБАТА НА ФЕМИНИЗМОТ:** ***Што го превенира феминизмот да ја достигне долгопосакуваната цел на рамноправност на меѓународно ниво?***

Историските подвизи и извојувани победи на феминистичкото движење не се покажаа ефективни од аспект на водењето на глобална политика. Главна кочница во тоа е фактот дека жените сѐ уште се рутински изложени на родово насилство. Меѓународниот систем премолчено прифаќа голем број насилства врз жените од секаков вид и ги третира како нормална и секојдневна општествена состојба,

Честопати, последиците од злоупотребите со кои се соочуваат жените и девојките за време на конфликти се игнорираат и недоволно се пријавуваат. На пример, кампањата „ОБЕДИНЕТЕ" на поранешниот генерален секретар на ОН, Бан Ки-мун, за ставање крај на насилството врз жените, процени дека седум од десет жени ќе доживеат насилство во одреден момент од нивниот живот - и дека приближно 600 милиони жени живеат во земји каде што насилството дома сѐ уште не се смета за кривично дело. Од друга страна, Жак Тру, приоѓа на оваа проблематика од аспект на релацијата помеѓу насилството врз жените со приватната сфера (на пример, семејното насилство) и видовите на насилство што жените го доживуваат на јавно место, на работа или во време на војна.[2] Имено, релацијата со насилството во обете сфери (јавната и приватната) укажува на фактот дека таа е насекаде распространета во разни форми и дека истата е присутна во континуитет, истовремено видлива и во домот како семејно насилство и како сексуално насилство во време на конфликт.[3]

---

[2] Sarah Smith, *Introducing Feminism in International Relations Theory* [online] E-International Relations. Достапно на: https://www.e-ir.info/2018/01/04/feminism-in-international-relations-theory/.
[3] Ibid.

Во борбата против насилството особено тешко е откривањето на бројот на жртви на домашното насилство. Имено, не само што не е едноставно тоа да се следи со оглед на фактот дека не се случува јавно, туку и неприфаќањето на неговото постоење како посебна категорија на насилство. Многу често оваа форма на насилство се релативизира и не се смета за сериозна повреда на жената, така што се оправдуваат на разни начини постапките на сопругот. А сепак, според Обединетите нации, 37 проценти од сите жени кои биле хоспитализирани поради повреди поврзани со насилство во САД биле физички нападнати од постоечкиот или од претходниот сопружник.[4]

Скврнавењето на правата на жените често под низа културни норми и практики или преку заблуда на религиозни доктрини останува неказнето. Големо влијание врз насилството врз жените сѐ уште има и конзервативноиот пристап на исламот кој со себе влече сериозни опресии врз жената. Како резултат на високиот степен на ригорозност во поставеноста на религиозните правила, борбата на феминизмот во земјите каде истите доминираат е далеку потешко изводлива. Како на пример, во 1996 во декември под водството на Талибанците во Авганистан „имаше 225 жени кои беа собрани за да бидат казнети поради кршење на хиџабот; казната се состоеше од удар со камшик по грбот и нозете“.[5] Оваа казна е само последица на непочитувањето на едноставниот кодекс на облекување. Поголемите прекршоци и ден денес се казнуваат далеку посериозно и како резултат на тоа се извршуваат незамисливи насилства врз муслиманските жени.

Имајќи го предвид фактот дека дури и во земјите каде религијата нема доминантно влијание врз законските системи како што е случајот во западните држави, сепак опасноста од репресија врз жените секаде се одразува и најголем ефект има врз кршењето на основните човекови права. Оттаму, ова сѐ уште продолжува да биде светска епидемија која убива, мачи и повредува физички, економски, ментално и социјално и целосно ја девалвира рамноправноста. Сепак, како резултат на развојот на меѓународните односи и глобалната политика денес постојат организации и движења кои целосно посветуваат внимание на родовата заштита видлива и во меѓународните акти како Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените и Универзалната декларација за човекови права.

---

[4] Apap, J., Claros, E. and Zamfir, I. (2019). *BRIEFING EPRS | European Parliamentary Research Service*. [online] достапно на: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2019/635543/EPRS_BRI(2019)635543_EN.pdf.

[5] Free Essays. 2021. Feminism and Islam - 2738 words | Essay Example, достапно на: https://ivypanda.com/essays/feminism-and-islam/

## ИНКЛУЗИЈА НА ЖЕНИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИКА

Психолошкиот и социјален аспект на родово-базираното насилство директно влијае и врз перцепцијата за родовите улоги така што на жената константно продолжува да се гледа како на слаба и немоќна жртва. Од друга страна, мажот се доживува како доминантен, рационален и способен да носи сериозни политички одлуки. А сепак, во практиката низ историјата се докажало спротивното. Имено постоеле повеќе жени-политичарки и лидери многу значајни во развојот на нивните земји и нивното движење напред. Некои добри примери на такви големи жени лидери се првата жена премиер на Британија Маргарет Тачер, Ангела Меркел од Германија, Серлиф Џонсон од Либерија, премиерката Џасинда Ардерн од Нов Зеланд итн. Сите овие погоренаведени жени имаат голем придонес и влијание во развојот на нивните земји.

Сепак, иако половина од светската популација се жени, на глобално ниво, членството на жените во парламентите се искачи на 24,1 отсто на крајот од 2018 година. И покрај нискиот процент на присуство, бројот е зголемен за 13 проценти поени во споредба со пред две децении. Имено, бројот на жени во 2018 година кои претседаваа со домовите на националните парламенти е 55 (од 279 места ширум светот). Исто така, само 18% од именуваните министри се жени и тие обично се назначени во областите поврзани со животната средина, природните ресурси и енергијата, проследени со социјалните сектори.[6] Ова значи дека жените сè уште се во голема мера отсутни од политичката сцена.

Традиционалните родови стереотипи не само што го занемаруваат нејзиниот придонес и влијанието на глобалната политика, туку и постојано го рационализираат овој вид на ексклузија. Родовите норми и очекувања драстично предизвикуваат да се намали бројот на жени кои се вложуваат и експонираат со цел нивно гласање како изборни кандидати. Според тоа, главната родова перцепција е дека доколку жените се надвор од овие домени на моќ и повеќе насочени кон приватната сфера (домаќинството), тогаш нивните искуства и придонеси ќе се третираат како нерелевантни.

Со оглед на фактот дека многу држави ги ратификуваа меѓународните конвенции и протоколи за родова еднаквост и политичко учество на жените, нивното ниско ниво на застапеност во владата и вооопшто во јавната сфера се смета за кршење на основните права на жените. ОН го потврдува тој факт и наведува дека „жените во секој дел од светот продолжуваат да бидат во голема мера маргинализирани од политичката сфера, често како резултат на дискриминаторски закони, практики, ставови и родови стереотипи, низок

---

[6] Apap, J., Claros, E. and Zamfir, I. (2019). *BRIEFING EPRS | European Parliamentary Research Service*. [online] достапно на: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2019/635543/EPRS_BRI(2019)635543_EN.pdf.

степен на образованост, недостаток на пристап до здравствена заштита и несразмерниот ефект на сиромаштијата“. [7]

Обединетите Нации има голем удел во воспоставувањето на родова еднаквост на меѓународно ниво преку својата резолуција „2030 Агенда за одржлив развој“ донесена во септември 2015 година.  Меѓу нејзините 17 цели за одржлив развој (SDGs), ООН се осврнува и на родовата еднаквост. Унапредувањето на политичкото учество на жените е од клучно значење за реализација на 5та одржлива цел предвидена во резолуцијата,  бидејќи ОН преку неа е целосно посветена на тоа да „обезбеди целосна и ефективна партиципација на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа на одлучување во политичките, економскиот и јавниот живот“. ОН го оценуваат својот напредок во борбата за рамноправност преку анализа на два воспоставени индикатори: (1) пропорционалност во места достапни за жени во националните парламенти и локалните власти; и (2) процент на жени на раководни позиции.[8]

Со поголемото учество на жената во јавниот живот се воспоставува подобра рамнотежа така што нема да се ограничува нејзиниот придонес исклучиво на области кои се поврзани само со приватниот свет. Усвојувањето на политички мерки кои ќе промовираат поголема застапеност на жената во парламентите отвора простор за значително унапредување и развој во земјите каде што има посебни мерки, како што се квоти. На пример, Франција како земја која покажува најголем пораст во ЕУ во уделот на жени парламентарци се потпира на законодавство кое преку своите акти ја отелотворува поддршката на родовата еднаквост во избраните канцеларии. Но клучното прашање за присуството на жените во владите или парламентите не е само по себе индикатор дека тоа ќе изврши промоција на женските агенди и интереси во политички средини со ограничена слобода, како што се еднопартиските или доминантните партиски системи. Како илустрација на тоа ни служат примерите на Куба и Руанда, две од трите земји во светот чии парламенти имаат повеќе од 50% жени членови , без тоа да значи и постоење на поголема рамноправност на жените во овие општества.[9]

Затоа, важно е да се анализира  овој феномен и од други аспекти кои не се потпираат само на бројките, туку на многу посуштински прашања за демократската застапеност. На таков начин може да се увиди во целост колку навистина политичките претставници, и жените и мажите, ги користат своите позиции со цел проширување и промоција на интересот на жената.

---

[7] Mlambo, C. and Kapingura, F. (2019). Factors influencing women political participation: The case of the SADC region. *Cogent Social Sciences,* 5(1). doi:10.1080/23311886.2019.1681048.
[8] Apap, J., Claros, E. and Zamfir, I. (2019). *BRIEFING EPRS | European Parliamentary Research Service*. [онлајн] достапно на: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2019/635543/EPRS_BRI(2019)635543_EN.pdf.
[9] Ibid.

**ЗАКЛУЧОК**

На родовата еднаквост не би требало да се гледа како на една ограничена и еднонасочна област. Денес феминизмот се обидува да ја дестигматизира родовата улога така што ги посочува сите вештачки наметнати генерализации за мажот и жената, како и за нивното место во светот. Всушност, токму половата генерализација како последица на социјалните инструкции е таа која до ден денес нè спречува да ги препознаеме и валидираме исклучоците. Феминизмот денес би требало да биде податлив за да ја дозволи разноликоста и да не го занемари искуството на малцинската жена. Сепак, во борбата за родова рамноправност, ризикот во борбата за нееднаквоста и укажувањето на маргинализираноста е опасноста од стигматизацијата и гневот кон „другата" група.

Идејата на феминистот не е повторно да сепарира, да поттикнува говор на омраза и да ја продолжи вечната потрага по „непријателот" преку повторна категоризација на родовата улога. Не е ниту кршењето на туѓото човеково право и преминувањето на границата само за да се заштити своето. Напротив, во коренот на феминистичкото движење е доближувањето, обединувањето, соединувањето на мажот и жената, особено при процесот на донесување одлуки, од секој аспект.

Допуштањето на правото за поголемо присуство на политичката сцена е првиот чекор за развој во полето на еднаквоста. Поради комплексноста на овој проблем потребен е повеќедимензионален пристап. Спречувањето на насилството и вознемирувањето врз жените е потребно да се постави како суштински приоритет во оваа борба на меѓународен план со цел да се спречи долговековната маргинализација на подлабоко ниво. За да се постигне тоа, нужна е инклузијата на повеќе млади жени и девојки во партиите, како и нивно сеопфатно обучување и развој на нивните меки вештини. Со тоа, ќе и се овозможи помасовно учество на жената во изборите истовремено како кандидат и гласач и ќе и се допушти политичкиот простор за искажување со цел премостување на границите.

Оттаму, очигледно е влијанието на глобалната политика во промената на родовата перцепција и во деконструирањето на социјалниот аспект за родовите улоги. Само преку развивање на меѓународниот систем може да се оспорат стереотипите кои имплицираат на жената како жртва која е немоќна и некомпетентна за да се вклучи во јавната сфера. Постоењето на меѓусебна поддршка и дејствие на светско ниво ќе опфати поширок опсег на меѓународни организации и агенти од различни културни позадини кои се желни за заедничка промена.

Колку е поголема вклученоста и посветеноста на луѓе од разнолики позадини и профили кои се обединети во една заедничка борба со иста кауза, видлива во политичкиот свет,

дотолку поголема е веројатноста да се слушне колективниот глас на маргинализираните. Само преку масовното учество и поддршка од секој аспект, ќе може да се искорени целосно угнетувањето на жената и да ѝ се отстапи местото во светот кое отсекогаш ѝ припаѓало. Со тоа, уште еднаш ќе се потврди универзалната и инклузивна моќ на основните човекови права која не исклучува ниту една индивидуа.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

1. Apap, J., Claros, E. and Zamfir, I. (2019). *BRIEFING EPRS | European Parliamentary Research Service*. [online] достапно на: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2019/635543/EPRS_BRI(2019)635543_EN.pdf

2. Free Essays. 2021. Feminism and Islam - 2738 words | Essay Example, достапно на: https://ivypanda.com/essays/feminism-and-islam/

3. Mlambo, C. and Kapingura, F. (2019). Factors influencing women political participation: The case of the SADC region. *Cogent Social Sciences*, 5(1). doi:10.1080/23311886.2019.1681048.

4. Niño, V. (2021). *History of Feminism*. [online] Medium. достапно на: https://vnino63.medium.com/history-of-feminism-3ab919edad34.

5. Smith, S. (2018). *Introducing Feminism in International Relations Theory*. [online] E-International Relations. достапно на: https://www.e-ir.info/2018/01/04/feminism-in-international-relations-theory/.